Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
AGJENCIA PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Бр.-Nr. 0102-1400/1
21.12. 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

---

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
AGJENCIA E PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

ПРЕДЛОГ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТЕЊЕ ВО 2022 ГОДИНА

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Институција/ Претпријатие/ Организација: АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Период: 2022 година

Вкупна вредност: 129,000,000 денари

## Вовед

- Основна дејност

Агенцијата за планирање на просторот е основана со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, бр. 51/05) како независно, самостојно правно лице.

Во 2020 година отпочна со примена Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, бр. 32/20) во кој е регулиран статусот, надлежностите и дејноста на Агенцијата за планирање на просторот.

Основната функција на Агенцијата е изработка и учество во изработката на повеќе стратегиски документи, особено на оние кои се во програмата на Владата на Република Северна Македонија.

Агенцијата за планирање на просторот ја спроведува политиката на планирање и уредување на просторот на Република Северна Македонија преку извршување на следните работи:

- изработува Просторен план на Република Северна Македонија;
- го спроведува и разработува Просторниот план со изработување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес и просторни планови на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
- го следи спроведувањето на Просторниот план;
- изработува услови за планирање на просторот;
- го гради, одржува, ажурира и оперира единствениот просторно-информативен систем на податоци за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот;
- изработува генерални урбанистички планови и ревизии на генерални урбанистички планови за големи плански опфати со поголем број на жители и корисници на просторот, погуста и посложена структура, густо изградени и сложени централноградски подрачја, историски градски јадра, споменички целини и други делови од градови што се од посебно значење;
- ги изработува плановите од годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на Владата на Република Северна Македонија од членот 41 на Законот за урбанистичко планирање;
- изработува стручни анализи и информации за состојбите во планирањето за потребите на државните органи и на органите на државната управа и
- извршува и други работи утврдени со овој закон и со Статутот на Агенцијата.

- Визија

Нашата визија е Агенцијата за планирање на просторот да биде водечка институција за планирање во која работат врвни професионалци од разнородни струки кои ги применуваат современите методи и знаења, при тоа грижејќи се за долгорочниот и одржлив социо-економски развој, превенција и контрола на неговото штетно влијание врз животната средина, со цел да се воспостави баланс помеѓу расположивиот простор, економскиот и демографскиот развој, природните и културните ресурси.

- Мисија на Агенцијата

  - Да се дооформи како ефикасен сервис на Владата во стратешкото планирање;
  - Да ја усогласи методологијата и технологијата на планирањето со европските трендови;
  - Да го негува научниот пристап, тимската работа и да го стимулира стручното и научно усовршување;
  - Да биде главниот аналитичар и критички да се однесува на случувањата во просторот;
  - Да продолжи со примената на најсофистицираната информатичка технологија;
  - Да ја продлабочи соработката со стручни и научни институции и да учествува во продуцирањето млади експерти за планирање на просторот, како континуиран процес;
  - Перманентно да се едуцира, надградува, планерскиот потенцијал преку учество на едукативни собири ширум Европа и подалеку;
  - Да биде носител на новитетите во планирањето;
  - Да учествува во изработката на законите и подзаконските акти од областа на планирањето.

- Цели на Агенцијата

Примарна цел на Агенцијата е да нуди квалитетни услуги од областа на планирањето на просторот. Политиката за квалитет на Агенцијата произлегува од мисијата на Агенцијата и е дел од нејзината вкупна деловна политика.
Политиката за квалитет во Агенција за планирање на просторот се заснова на:

  - Постојано подобрување на квалитетот;
  - Стручност, совесност и одговорност во исполнување на работните задачи;
  - Континуирана обука и едукација на вработените како основна потпора на Системот за квалитет;
  - Негување на научниот пристап, тимската работа и мотивација за стручно и научно усовршување;
  - Почитување на законската регулатива;